Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и партнерските организации
 [Центар за заедничка основа]
(ЦЗО) и
 [Отворена порта - Ла Страда]
одржаа координативен состанок на кој  присуствуваше и регионалната советничка на ГЦЕРФ за Западен Балкан, Весе Келменди, на 22 јули 2026 година.




На состанокот беше разгледан досегашниот напредок на програмата. Партнерите информираа за спроведените активности и искуствата од периодот април–јуни 2026 година и ги презентираа постигнатите резултати, предизвиците со кои се соочуваат и придонесот на секоја организација во остварувањето на програмските цели. Размената на информации, како и секогаш придонесе за подобра усогласеност на активностите и зајакнување на заедничкиот пристап меѓу партнерите.

На состанокот беа разгледани и приоритетите за наредниот период, планираните активности и неопходните чекори за нивна успешна реализација. Беше нагласена важноста на континуираната комуникација, координацијата и тесната соработка меѓу партнерските организации како клучни фактори за постигнување одржливи резултати.

Весе Келменди се осврна на регионалните искуства и перспективи, како можност за учење и поширока соработка со колегите кои спроведуваат проекти поддржани од ГЦЕРФ и на идните активности на донаторот во регионот на Западен Балкан.

Состанокот беше организиран како дел од програмата „ Рехабилитација за отпорност: патот напред “ кој го поддржува ГЦЕРФ, а го спроведува Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во партнерство со Центарот за заедничка основа (ЦЗО) и Отворена порта - Ла Страда.